РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА
[redacted]

Бр. 32-314

( Образец ПП 18.07.2025 год.
[redacted]

...ика Северна Македонија-Republika e Maqedonisë se Veriut
...вна комисија ... управна постапка, постапка од ... во втор степен
... Procedure Administrative.Procedure
... Inspektuese në Shkallë te Dytë
Скопје - Shkup

| Примено | 21.07.2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица / Nj. org. | Број | Прилог | Вредност / Vlera |
| 1005 | 1225/1 | | |

До Државна комисија за одлучување во управна постапка ,постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен ---------------------------------------------------------------------

(имател на информацијата)

**Б А Р А Њ Е**

**за пристап до информации од јавен карактер**

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (“Службен весник на Република Македонија бр. 13/06, бр.86/08, бр.6/10,42/14, бр.148/15 и бр. 55/16), од имателот ја барам следната информација од јавен карактер:
**Решение под УП.бр.0810-4 од 11.07.2025 год**
-----------------------------------------------------------------------------------------------

(опис на информацијата која се бара)

Форма во која се бара информацијата:
- а) увид
- **б) препис**
- в) фотокопија
- г) електронски запис
- д) друго---------------------------------------------------------------------

(се наведува бараната форма, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:
- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **г) е-маил**
- д) друго---------------------------------------------------------------------

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Барател на информацијата:-[redacted]
-----------------------------------------------------------

(назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата:
-----------------------------------------------------------------------------------------------

(назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

(Правна поука: Барателот не е должен да ги наведе и образложи причините за барањето, но треба да наведе дека станува збор за барање за слободен пристап до информација од јавен карактер)

При вршење на инспекциски надзор на ден 13.07.2025 год во [redacted],на увид беше приложено Решение од Државна комисија за одлучување во управна постапка ,постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен УП.бр.0810-4 од 11.07.2025.

Од страна на Државен пазарен инспекорат Одд.Струмица беше побарано од Министерството за економија и труд по службена должност да ни достави препис од истото и да се произнесе за правните последици од поништување на Решението за одземање на лиценца Уп1 13-290 од 09.10.2024 година за што сеуште немаме одговор.

Се со цел правилно постапување,Бараме од вас во најкус можен рок да го доставите на емаил предметното Решение и доколку постои можност да се произнесете за правните последици од поништување на Решението за одземање на Министерството за економија и труд и важноста на Лиценца УП 1 13-290 од 09.10.2024 година.

Во Струмица
Државен пазарен инспектор
[redacted]

Датум 18.07.2025 година

**Република Северна Македонија**
**Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен**

21.07 2025 година

**Архивски број:** 10054225/2

**До: Министерство за економија**
- **Државен пазарен инспекторат Струмица**

**Предмет: Барање**
**Врска: Ваш број 32-314 од 18.07.2025 година**

Почитувани,

На ден 21.07.2025 г. до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен од Ваша страна по електронски пат е доставено Барање за пристап до информации од јавен карактер. Во барањето е наведено дека Вие како подносителот на барањето од Државната комисија ја барате следнава информација:

- Решение под Уп.бр.0810-4 од 11.07.2025 година

Во самото барање е наведено дека заради правилно постапување, барате во најкус можен рок од Државната комисија на емаил да Ви го достави предметното решение. Но, во барањето за пристап до информации од јавен карактер не наведувате дали барате да Ви биде доставено решението со наш број Уп.бр.0810-4 од 11.07.2025 година во фотокопија или да Ви биде доставен препис од истото.

Поради тоа, а имајќи го предвид член 17 од Законот за пристап до информации од јавен карактер, Државната комисија Ви го доставува ова известување. Притоа, Ви укажуваме дека потребно е во **рок од три дена** од приемот на ова известување, да го дополните поднесеното барање.

Доколку во определениот рок не го дополните барањето, Државната комисија со решение ќе го отфрли барањето за доставување информации од јавен карактер поднесено од Ваша страна.

Со почит,

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**ИЛЧЕ МУШАРЕВСКИ**

Изготвил:Наталија С. Филипова


Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен

Бул. Гоце Делчев бр.18, Скопје
Република Северна Македонија

070/407-476,
072/265-535
www.dkz.mk

**Република Северна Македонија**
**Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор втор степен**

25.7 2025

**Архивски број:** 1005-1225/3

Врз основа на член 20 и 21 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ( „Службен весник на РМ“ бр.101/19), а во врска со член 8 став 2 од Деловникот за начинот на работа и одлучување на Државната комсија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен, Претседателот на Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен го донесе следното

## **Р Е Ш Е Н И Е**
**за постапување по барање за пристап до информации од јавен карактер**

1. Барањето за пристап од информации од јавен карактер поднесено по електронски пат од страна на Министерство за економија, Државен пазарен инспекторат Струмица преку државен пазарен инспектор [redacted] СЕ УВАЖУВА.
2. Бараната информација ќе биде доставена на начин и во форма како што е наведено во самото Барање.

## **О б р а з л о ж е н и е**

На ден 21.07.2025 година по електронски пат до Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен доставена е Барање од Државен пазарен инспекторат Струмица со нивни број 31-314 од 18.07.2025 година, преку државен пазарен инспекторат [redacted]. Во барањето е наведено дека подносителот од имателот на информацијата ја бара следнава информација:

- Решение под УП.бр.0810-4 од 11.07.2025 година

Во барањето е наведено дека формата во која се бара информацијата е препис, а начинот на доставување на информацијата е е-маил.

Постапувајќи по Барањето, Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен донесе одлука со која Барањето за пристап до информации од јавен карактер се уважува.


Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен
Бул. Гоце Делчев бр.18, Скопје
Република Северна Македонија
070/407-476,
072/265-535
www.dkz.mk

Притоа, во прилог на ова Решение ќе биде доставен препис од Решението УП.бр.0810-4 од 11.07.2025 година на Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен. Начинот на доставување на информацијата ќе биде по е-маил.

Воедно, Ви укажуваме дека Државната комисија нема законска надлежност да образложува решение донесено од страна на комисијата. Причините поради кое е донесено Решението јасно и прецизно се наведени во самото Решение.

Имајќи го предвид сето погоре наведено, Државната комисија одлучи како во диспозитивот на решението.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

**Претседател**
**Илче Мушаревски**

Прилог: Препис од Решение Уп.бр.0810-4 од 11.07.2025 година

Изготвил: Наталија С.Филипова

Република Северна Македонија
**Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен**

25.07 2025 година

**Архивски број: 1005-1225/4**

**До: Министерство за економија**
- **Државен пазарен инспекторат Струмица**

**Предмет: Известување**
**Врска: Ваш број 31-314 од 18.07.2025 година**

Почитувани,

Во врска со Барањето за пристап до информации од јавен карактер кое по електронски пат е доставено до Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен Во прилог Ви доставуваме примерок од Решението на Државната комисија.

Со почит,

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**ИЛЧЕ МУШАРЕВСКИ**

Прилог: Решение број 1005-1225/3

Изготвил:Наталија С.Филипова


Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен
Бул. Гоце Делчев бр.18, Скопје
Република Северна Македонија
070/407-476,
072/265-535
www.dkz.mk